## 146. СТУРИЛ СУМ ДОЛУ, ДОЛУ ЛИВАДА

Крај: Тиквеш, Прждево
Пеел: Лазо Кузманов
Роден: Прждево, 1907 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 250/1
Снимена: Прждево, Демиркаписко
27 октомври 1959 год.
Мелограф.: 26.05. 1964.




Стурил сум долу, долу ливада,
в ливада најду моме убаво,
вода мамеше, цвеќе си береше,
цвеќе си береше, ран бел босилок,
ран бел босилок и ж'т карамфил.
Й посака китка ран бел босилок:
— ако си ми ерген, влези си скини,
ако си женето, оди си по патот.
Дека сум женет, што харо си водам,
што харо си водам, црна панукла,
среде куќата купче буњиште,
на буњиштето габи никнале,
габи си бере, зелен си суче,
глава си мије нерасплетена,
дете си бања неразвијено.

Забелешка: секој стих се пее по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.